# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 9/2024
## 11.06.2024 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување од потреба за сечење / кастрење на дрва на подрачјето на општина Неготино**

Се објавува **Одлука за утврдување од потреба за сечење / кастрење на дрва на подрачјето на општина Неготино** , што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **11.06.2024** година.

**Бр.09- 525/1**
**11.06.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр. 5/02 ) и член 79 стаав 1 точка 17 од Статутот на Општина Неготино ( „ Службен гласник на Општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ) , Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **11.06.2024** година ја донесе следната

## О Д Л У К А

## За утврдување од потреба за сечење / кастрење на дрва на подрачјето на општина Неготино

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потребата од сечење / кастрење на дрва кои претставуваат потенцијална опасност за луѓето и материјалните добра а кои се наоѓаат на подрачјето на општина Неготино.

### Член 2

Утврдување на дрвата кои се предмет на **сечење / кастрење** ќе ја утврдува Комисија формирана со Решение од Советот на општина Неготино.

Комисијата од член 1 на оваа Одлука е должна да изврши увид на лице место , да ја утврди фактичката состојба и да изготви Записник за констатираната состојба. Комисијата при тоа утврдува дали се исполнети условите согласно Законот за урбано зеленило.

### Член 3

Администрацијата во општина Неготино по добиениот Записник од Комисијата постапува согласно член 29 од Законот за урбано зеленило.

**Член 4**

Ова решение влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**бр.08-523/3**
**11.06.2024 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за формирање на Комисија за утврдување на потребата од сечење/кастрење на дрва на подрачје во општина Неготино**

Се објавува **Решение за формирање на Комисија за утврдување на потребата од сечење/кастрење на дрва на подрачје во општина Неготино** , што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **11.06.2024** година.

**Бр.09- 525/2**
**11.06.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр. 5/02 ) и член 79 стаав 1 точка 17 од Статутот на Општина Неготино ( „ Службен гласник на Општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ) , Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **11.06.2024** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За формирање на Комисија за утврдување на потребата од сечење/кастрење на дрва на подрачје во општина Неготино**

**Член 1**

Се формира **Комисија за утврдување на потребата од сечење/кастрење на дрва на подрачјето во општина Неготино** во следниот состав :

1. **Аки Елезов – вработен во општина Неготино**
2. **Јордан Коцев- вработен во општина Неготино**
3. **Русе Стошиќ- вработен во ЈКП Комуналец**
4. **Илија Станоев – вработен во ЈКП Комуналец**
5. **Претставник од невладина организација од областа на екологијата од општина Неготино**

**Член 2**

Комисијата од член 1 на оваа Одлука е должна да изврши увид на лице место , да ја утврди фактичката состојба и да изготви Записник за констатираната состојба. Комисијата при тоа утврдува дали се исполнети условите за **сечење/кастрење** на дрва согласно Законот за урбано зеленило.

**Член 3**

Ова решение влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**бр.08-523/4**
**11.06.2024**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседавач,**
**Пепица Ѓорѓиева с.р.**

**СОДРЖИНА**

**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 9 / 2024**

1. **Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на потребата од сечење/кастрење на дрва на подрачјето на општина Неготино**

2. **Одлука за утврдување на потребата од сечење/кастрење на дрва на подрачјето на општина Неготино**

3. **Заклучок за објавување на Решение за формирање на Комисија за утврдување на потребата од сечење/кастрење на дрва на подрачјето на општина Неготино**

4. **Решение за формирање на Комисија за утврдување на потребата од сечење/кастрење на дрва на подрачјето на општина Неготино**